ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
СКОПЈЕ

| Примено: 13.09.2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2/25 | | |

Арх. знак 0802
Рок на чување
20 год.
Потпис,

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТ

---

# ЈАВНА РАСПРАВА

## „Студија за оцена на влијанието врз животната средина за Интегриран систем за управување со цврст отпад (ИСУЦО)"

**Скопски регион:** Сите 17 општини

**21.07.2017 Сала на Совет на Град Скопје**

На 21 Јули 2017 година во Салата на Советот на Град Скопје, со почеток во 10:00h ќе се одржи **Јавна расправа** организирана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија и Секторот за животна средина.

На јавната расправа ќе биде претставена **Студијата за оцена на влијанието врз животната средина** (ОВЖС) за Скопскиот регион која беше подготвена во рамките на проектот **„Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион EuropeAid/136347/IH/SER/MK"**, проследена со претставување на студија на изводливост од страна на клучните експерти и дискусија со сите засегнати страни.

Цел на јавната расправа ќе биде конструктивна дискусија за влијанијата на Интегрираниот систем за управување со отпад врз животната средина. Граѓаните ќе имаат можност да поставуваат прашања и да добијат стручни одговори од страна на експертите, а исто така и да дознаат повеќе за предностите кои ги носи воспоставувањето на ваков вид системи за управување со отпад.

## За Проектот

Горенаведениот проект е иницииран од **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рамките на **ИПА, доделен од Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФСД)** при **Министерството за финансии** и спроведен од страна на **ENVIROPLAN S.A.** и **неговите конзорциумски партнери, LOUIS BERGER – BiPRO GmbH – EPEM S.A. – SLR Consulting Limited.**

Целта на Проектот е да се постигне **Интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад** во Пелагонискиот, Југозападниот, Вардарскиот и Скопскиот регион и да се подобри животниот стандард на приближно **1.200.000 жители** кои моментално годишно произведуваат **330.000 тони отпад.**

Во продолжение може да ја погледнете агендата на Јавната расправа.

Ги поканувaме новинарите и фотографите да го покриваат овој настан.

Во прилог на ова соопштение Ви доставуваме и **3 избрани фотографии** кои може да се користат во новинарски текстови.

За информации во врска со ова Соопштение до јавност, Ве молиме контактирајте ја канцеларијата на проектот.

Тел: +389 2 277 3487

E-mail: 4regionalwaste.mk@enviroplan.gr

## АГЕНДА

**Датум: 21 јули 2017 г.**
**Време: 10:00 – 13:00**

**Место: Сала на Советот на Град Скопје, Скопје, Македонија**

| **Јавна расправа за ОВЖС за ИСЦУО** | |
|---|---|
| **Тема** | **Говорник** |
| **I. Регистрација и кафе** (9:30 – 10:00) | |
| **II. Вовед** (10:00 – 10:05) | |
| Добредојде и воведен говор | **Претставник од МЖСПП** |
| **III. Претставување на ОВЖС** (10:05 – 10:50) | |
| Презентација на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина во Скопскиот регион | **Христос Цомпанидис**<br>Тим лидер на проектот<br><br>**Тимот на проектот** |
| **IV. Претставување на ФЦ** (10:50 – 11:20) | |
| Претставување на Физибилити студијата за Интегриран систем за управување со цврст отпад во Скопскиот регион | **Христос Цомпанидис**<br>Тим лидер на проектот<br><br>**Елени Иеремиади** |

| | |
|---|---|
| | Експерт за ФС и управување со отпад |
| **V. Дискусија со чинителите** (11:20 – 12:30) | |
| **VI. Ручек** (12:30 – 13:00) | |

## СЛИКИ



*Слика 1: Дива депонија во Скопскиот регион*



*Слика 2: Пример за планирани инсталации за третман на отпад (Кожани, Грција)*



*Слика 3: Пример за планирана депонија по ЕУ стандарди*